# ИЗВЕШТАЈ ЗА РОДОВО ОДГОВОРНО БУЏЕТИРАЊЕ ЗА 2024

## 1. Податоци за избраната Програма

**Име на програмата:**

Програма за рефундирање на средства платени како despite царински давачки, данок на додадена вредност и акциза за набавка на патнички автомобил за лица со тешка, потешка и најтешка телесна попреченост, лица со умерена, тешка и длабока интелектуална попреченост, за потполно слепи лица со придружник и за потполно глуви лица за 2024 година

**Сектор (организациона единица) надлежен за спроведување на програмата:**

Министерство за социјална политика, демографија и млади
Сектор за социјална заштита

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА, ДЕМОГРАФИЈА И МЛАДИ - СКОПЈЕ
MINISTRIA E POLITIKËS SOCIALE E DEMOGRAFISË DHE E TË RINJVE - SHKUP
Бр. / Nr. 17-5221/1
14-07-2025 20 год. / viti

**Вид на програмата**

☐ Хоризонтална
☐ Вертикална

**Како програмата е поврзана со Стратегијата за родова еднаквост 2022-2027:**

Во Република Северна Македонија, прашањата за родовата еднаквост од законодавен аспект се регулираат со Уставот и со посебен закон, односно со Законот за еднакви можности на жените и мажите. Покрај ова, постојат низа стратешки документи за родова еднаквост, како генерална определба за вклучување на родовата перспектива во другите закони кои регулираат различни општествени области, со што се обезбедува системски пристап во постигнувањето родова еднаквост и зајакнување на жените и девојчињата. Притоа, Република Северна Македонија јасно се насочува кон интегрирање на родовата перспектива во политиките, стратегиите и буџетите, сузбивање на стереотипите и насилството кон жените, унапредување на положбата на жените во сите сфери на јавниот и приватниот живот и следење на состојбата со родовата еднаквост преку релевантни податоци и индикатори.

Со ратификација на Конвенцијата на Организацијата на Обединетите нации за правата на лицата со попреченост во 2011 година, државата се приклучи кон напорите на меѓународната заедница за креирање и спроведување национални политики коишто ги унапредуваат правата на лицата со попреченост, се борат против сите форми на дискриминација и градат инклузивно општество.

## 2. Вовед

Согласно Законот за социјална заштита лице со тешка и најтешка телесна попреченост, лице со умерена, тешка и длабока интелектуална попреченост, потполно слепо лице со придружник и потполно глуво лице може да поднесе барање за рефундирање на средства платени како царински давачки, данок на додадена вредност и акциза за

набавка на патнички автомобил, со кој ќе управува подносителот на барањето или неговиот брачен другар, родител, дете или друг роднина кој живее со лицето и помеѓу нив постои должност за издржување согласно со Законот за семејството, односно старател, а ќе се користи исклучиво за потребите на лицето за превоз и полесна социјална интеграција во заедницата.

## 3. Позадина/контекст

Врз основа на член 260 став (1) од Законот за социјалната заштита („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 104/19, 146/19, 275/19, 302/20, 311/20, 163/21, 294/21, 99/22, 236/22 и 65/23), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 16 јануари 2024 година, ја донесе Програма за рефундирање на средства платени како царински давачки, данок на додадена вредност и акциза за набавка на патнички автомобил за лица со тешка, потешка и најтешка телесна попреченост, лица со умерена, тешка и длабока интелектуална попреченост, за потполно слепи лица со придружник и за потполно глуви лица за 2024 година.

## 4. Остварени резултати, промени и влијанија (се следат почетните состојби и индикаторите кои укажуваат на промени)

Со оваа програма се уредуваат мерките, носителите, начинот на спроведување, потребната документација и обезбедените средства за рефундирање на средства платени како царински давачки, данок на додадена вредност и акциза за набавка на патнички автомобил за лица со тешка, потешка и најтешка телесна попреченост, лица со умерена, тешка и длабока интелектуална попреченост, за потполно слепи лица со придружник и за потполно глуви лица за 2024 година.

Корисници на оваа програма се следните лица:

- лице со тешка, потешка и најтешка телесна попреченост;
- лице со тешка, потешка и најтешка телесна попреченост, - лице со умерена, тешка и длабока интелектуална попреченост;
- потполно слепо лице со придружник и - потполно глуво лице со умерена, тешка и длабока интелектуална попреченост,
- потполно слепо лице со придружник и - потполно глуво лице.

Рефундирањето на средства платени како царински давачки, данок на додадена вредност и акциза за набавка на патнички автомобил се врши во рамките на обезбедените средства со оваа програма. Со оваа програма се предвидуваат средства за рефундирање во износ не поголем од 180.000,00 денари по одобрено барање. Барањето може да се поднесе еднаш во период од пет години за набавка на патнички автомобил со купопродажна вредност до 10.000 евра во денарска противвредност, односно со купопродажна вредност до 20.000 евра во денарска противвредност, доколку во возилото е вградена дополнителна опрема која овозможува лицето самостојно да го управува возилото како што се автоматски или полуавтоматски менувач, рачни команди кои ги заменуваат ножните команди, хидраулична дигалка за инвалидска количка или пристапна рампа за влез во возилото за што се доставува и доказ од овластена компанија која ја вградила таквата специјализирана опрема

Оваа програма ја спроведуваат Министерството за социјална полирика демографија и млади и центрите за социјална работа. Комплетираните документи Центарот за

социјална работа ги доставува до Комисијата за рефундирање на средствата во министерството за социјална политика, демографија и млади. Најдоцна 30 дена откако ќе се поднесе барањето до Центарот за социјална работа, Комисија треба да изврши увид во домот на барателот. Откако ќе помине рокот за поднесување на барања во тековната година, се врши рангирање на сите поднесени барања, по што се донесува Решение за рефундирање на средствата за секој подносител на барање.

Ако лицето на кое му се рефундирани средства, платени како царински давачки, данок на додадена вредност и акциза за набавка на патнички автомобил, го отуѓи возилото во период од пет години по добивање на средствата, должно е истите да ги врати со законска казнена камата, пресметана до денот на уплатата во Буџетот на Република Северна Македонија. Во случај на отуѓување на возило при настанато оштетување на истото во висина поголема од 80% од вредност на возилото утврдено во записник од овластен проценител во моментот на настанување на штетата, како и во случај на отуѓување на возилото по смртта на подносителот на барањето, нема да се поведе постапка за враќање на средствата добиени по основ на рефундирање на платени царински давачки, данок на додадена вредност и акциза за набавка на патничкото возило.

Согласно Програмата за рефундирање на средства платени како царински давачки, данок на додадена вредност и акциза за набавка на патнички автомобил за лица со тешка, потешка и најтешка телесна попреченост, лица со умерена, тешка и длабока интелектуална попреченост, за потполно слепи лица со придружник и за потполно глуви лица за 2024 година аплицирале 48 лица од кои 19 се жени, односно 39,6%. На 31 лице им се рефундирале средства од кои на 10 жени и на 21 мажи.

## 5. Анализа на буџетски алокации (планирани и потрошени средства, по корисник, дополнителни средства, специфични трошоци за жени).

Во анализата на буџетските алокации можете да се водите од:
Анализа на потрошените средства во однос на поставените индикаторите за таа програма;
Процентуалната распределба на трошоците на мажите и жените;
Анализа на ефектите и влијанието во остварување на индикаторите на програми специфично наменети за одредена категорија граѓани, мажи или жени.

Средствата за реализација на оваа програма се предвидени и обезбедени во Буџетот на Министерството за социјална политика, демографија и млади за 2024 година во износ од 4.200.000,00 денари, на Раздел 15001, потпрограма 50, ставка 464. За 2024 година вкупно рефундирани средства е 3.535.909,00 денари, од кои 911.134,00 денари се рефундирани на жени или од вкупните рефундирани средства 25,8% се однесуваат на жени.

## 6. Тесни грла и научени лекции (Како можеме да ја подобриме во иднина политиката/програмата за да обезбеди подобри резултати согласно дефинираните индикатори )

Недостасуваат доследни и споредливи статистички податоци за лицата со попреченост. Постојните извори на податоци се фрагментирани, и недостасуваат расчленети податоци по пол, возраст, географска локација. Во таа насока, квалитетот на податоците треба да се подобри.

## 7. Заклучоци и препораки

Со ратификувањето на Конвернцијата на Обединетите нации за правата на лицата со попореченост во 2011година, Северна Македонија ги унапреди правата на лицата со попреченост. Со Законот за социјална заштита од 2019 година се унапредува принципот за еднаков третман и недискриминација во остварувањето на правата од социјална заштита, коишто се засноваат на еднаков и правичен третман, вклучително и препознавање на попреченоста како основ за дискриминација. Новиот Закон за социјална заштита и обемното ревидирање на Законот за детска заштита го преструктурираа и го консолидираа системот за парична помош, помеѓу другото, со цел да се обезбеди зголемен опфат и соодветност. Со реформата се воведоа и нови услуги за социјална поддршка и грижа за лицата со попреченост и нивните негуватели.

Од анализата на Програма за рефундирање на средства платени како царински давачки, данок на додадена вредност и акциза за набавка на патнички автомобил за лица со тешка, потешка и најтешка телесна попреченост, лица со умерена, тешка и длабока интелектуална попреченост, за потполно слепи лица со придружник и за потполно глуви лица како препорака е:

- Да се прибираат статистички податоци разделени по пол, возраст на лица, број на лица со тешка, потешка и најтешка телесна попреченост, број на лица со умерена, тешка и длабока интелектуална попреченост, број на потполно слепо лице со придружник и број потполно глуво лице;
- Да се прибират поделени податоци по пол за рефундирање на средства платени како царински давачки, данок на додадена вредност и акциза за набавка на патнички автомобил;
- Број на мажи жени и кои земале патнички автомобил, висината на средствата кои се предвидени за рефундирање по одобрено барање.

Министер /Ministri,
Fatmir Limani

Изработил/Përpiloi: м-р Габриела Мацоска,
раководител на одделение / udhëheqëse njësie
Контролирал/Kontrolloi: Светлана Цветковска
Раководител на сектор/udhëheqëse sektori
Одобрил/Miratoi: Јасмина Иванова/Jasmina Ivanova,
државен советник/këshilltare shtetërore
Согласен/Pajtohet: Fatmir Sabriu,
државен секретар/ Sekretar Shtetëror